**Комерцијална банка вработува Стручен соработник за порамнување во земјата и во странство во Секторот за ликвидност и финансиски пазар**

Доколку сакате да ги остварите Вашите желба и амбиција за професионален и кариерен развој во финансиска институција со долгогодишна традиција, која определбата за стабилност, ефикасност и иновативност ја гради со успешен и посветен тим на професионалци, Ве поттикнуваме да аплицирате за вработување во Комерцијална банка АД Скопје.

**Работна позиција: Стручен соработник за порамнување во земјата и во странство во Секторот за ликвидност и финансиски пазар**

**Тип на вработување:** На определено време од 12 месеци

**Работно време:** 40 часа неделно.

**Работни цели и задачи:**

- Следење на состојбата на девизните платежни сметки во странски и во домашни банки и на состојбата на платежната сметка на Банката-МИПС активности;
- Пренос на девизи по налог на странски и на домашни банки и по налог на други ОЕ во Банката;
- Администрирање кредитни линии во денари и во денари со валутна клаузула;
- Позадински (Back Office) активности по основ на FX трансакции со странски и со домашни банки, пласирани депозити во странски и во домашни банки, купопродажба на девизи со банки на девизен пазар, купопродажба на домашни и на странски ефективни пари со странски и домашни банки, купопродажба на хартии од вредност на примарен и на секундарен пазар, репо трансакции, орочени депозити на правни лица, комисионо работење;
- Воспоставување деловни односи со банки;
- Останати активности (интерни односи, подготовка на материјали-анализи, извештаи и информации).

**Потребни квалификации и способности:**

- Завршено високо образование од областа на економските науки (предност ќе имаат кандидатите со насока: финансиски менаџмент и сметководство и ревизија);
- Предност ќе имаат кандидатите кои поседуваат ACI Operations Certificate;
- Познавање англиски јазик и MS Office алатки;
- Најмалку 3 години работно искуство во областа;
- Висок личен интегритет, доверливост и чесност;
- Прецизност во извршување на работните задачи;
- Ориентираност кон потребите на клиентите;
- Адаптибилност во динамична работна средина;
- Комуникациски вештини за работа во тим.

**Придобивки за Вас:**

- Пријатна и тимска работна атмосфера во современи работни услови;
- Обуки од ментори со висок степен на стручност и искуство;
- Можност за личен и професионален развој, стекнување нови вештини и компетенции;
- Доброволно приватно здравствено осигурување;
- Програма за спорт и рекреација;
- Учество во општествено одговорни и спортски активности, корпоративни настани, користење библиотека и сл.

Вие би биле одличен дел од тимот ако ги поседувате потребните вештини, се препознавате во овие вредности и имате силна мотивација за успех.

**Аплицирајте на**: веб страницата на Банката на следниот **линк** или преку адреса за е-пошта vrabotuvanje@kb.mk, со назнака: „Оглас за вработување Стручен соработник за порамнување во земјата и во странство".

**Телефон за контакт: (02) 3168-412**

На интервју ќе бидат повикани само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг.

Изборот ќе се изврши во рок од 45, 90 или 120 дена по истекот на рокот за пријавување, во зависност од бројот на пријавени кандидати.

**Напомена**: Апликацијата за вработување ќе биде третирана како доверлива. Според Законот за заштита на личните податоци со самото доставување на Вашата апликација за работа согласни сте Вашите лични податоци да се обработуваат во процесот на селекција на кадри во период од 1 година. Освен за наведениот случај, Вашите лични податоци нема да бидат користени за ниту една друга цел ниту, пак, достапни на трети лица.